# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ
## НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
## ВО 2023 ГОДИНА

**март, 2024 година**

**ПОЧИТУВАНИ,**

Општина Гевгелија, во текот на 2023 година, настојуваше да ги подобри условите за урбано живеење на своите граѓани. За таа цел, беа реализирани и финиширани повеќе проекти од патната и комуналната инфраструктура на целото подрачје на Општина Гевгелија. Исто така, се залагав за решавање на повеќе барања и проблеми иницирани од самите граѓани. Условите за урбано живеење значително се подобрени со реализацијата на повеќе проекти во патната и комуналната инфраструктура, заштитата на животната средина, но и во подобрувањето на условите во образовните институции и социјалната заштита. Во текот на минатата година, изградени се нови, асфалтирани и бетонирани улици и краци, со павер-елементи се уредени тротоари на над 44.330 м². За обнова на локалната патна мрежа се издвоени 49,5 милиони денари сопствени средства.

Во завршна фаза е поставувањето на фекална, атмосферска и нова водоводна линија, за реализација на втората фаза од изградбата на улицата „Свети Климент“, односно Продолжувањето на Западниот булевар. Профункционираа новите водоснабдителни системи во Негорци, Прдејци и Богородица, а целосно се обновени младинските домови во Богородица и Моин. За намалување на трошоците за електрична енергија, во Јавното комунално претпријатие изградена е фотоволтаична централа на бунарското подрачје на водоснабдителниот систем во Мрзенска ада, со моќност од 300 киловати. Фотоволтаична централа е изградена и на Прочистителната станица во Гевгелија. Профункционира новото Прифатилиште за бездомни животни, а успешно тече процесот од Проектот за селектирање на комуналниот отпад. Изградени се и уредени нови детски игралишта во Негорци, Прдејци и Богородица, а целосно се рехабилитирани спортско-рекреативните центри во Гевгелија и во населените места. Дел од овие проекти се реализирани со финансиска поддршка од домашни и меѓународни грантови, но и со задолжително сопствено учество, што е доволна потврда за финансискиот капацитет на Општината. Секако, за мене најважно е искористувањето на сите фондови на финансирање.

Во изминатава година, како локална самоуправа, исто така, настојувавме да ја подобриме соработката и комуникацијата со граѓаните. Но, не само во нотирањето на нивните проблеми и барања туку и за нивно што побрзо решавање. Фактот дека Општина Гевгелија, заедно со Општина Велес, се прогласени за најтранспарентни локални самоуправи во државата, доволно зборува за отвореноста на Општината, подобрената комуникација со граѓаните и навременото задоволување на нивните потреби. За подобрување на социјалните услуги, реализирани се повеќе активности, а Општина Гевгелија е меѓу првите општини, којашто во партнерство со Црвениот крст во Гевгелија, започна со давањето на услуги на лицата со попреченост, од страна на сертифицираните 12 лични асистенти.

Општина Гевгелија, во изминатиов период, се афирмираше и како локална заедница, којашто посветува значително внимание за развој на туризмот, збогатување на културниот и спортскиот живот. За таа цел, беа организирани повеќе настани, како за афирмација на поднебјето со сите негови погодности, така и за задоволување на потребите на граѓаните, но и привлекување на странски туристи. Гевгелија се брендираше како град со интересни културни, спортски и значајни општествени настани, коишто значително придонесуваат за туристичкиот развој. Во изминатот период покажавме дека можеме да се справиме со предизвиците и во соработка со граѓаните, и со наша целосна мотивираност и ангажираност да направиме Гевгелија забрзано да се развива како модерна општина.

**Андон Сарамандов**
Градоначалник
на општина Гевгелија

## НАДЛЕЖНОСТИ

Општина Гевгелија, во текот на 2023 година, ги остваруваше своите надлежности наспроти бројните предизвици. Притоа, ангажираноста и сите активности беа насочени кон обезбедување на услови за непречена работа и функционирање на Општина Гевгелија и локалните институции, согласно надлежностите на локалната самоуправа. Паралелно се настојуваше преку рационално работење, дополнително ангажирање и конкретни мерки и активности да се обезбеди стабилна финансиска состојба во Општината. Тоа несомнено придонесе за непречено извршување на надлежностите од страна на локалната самоуправа во сите сфери на општественото живеење, а согласно пропишаните законски одредби.

Покрај ова, беа обезбедени услови и изнајдени можности за реализација на повеќе проекти и активности, коишто се од посебно значење и во интерес за граѓаните, во прв ред, за подобрување на условите за живеење. Минатата година, финишира реализацијата на неколку капитални проекти, а истовремено започна имплементацијата на повеќе проекти за проширување и подобрување на патната и комуналната инфраструктура. Но, и за подобрување на условите и квалитетот на понудата во образованието, социјалната заштита, културата, спортот и воопшто целото општествено живеење. Ваквите активности се одвиваа преку целата година, подеднакво во Гевгелија и во населените места.

За сите реализирани активности и проекти, спроведените иницијативи и организираните акции, од посебно значење беше ангажирањето и поддршката од општинската администрација, како и на локалните јавни претпријатија и установи од комуналната сфера, образованието и културата. За подобрување на квалитетот на услугите кон граѓаните придонесе и остварената соработката со Советот на Општина Гевгелија, посебно настојувањата во практика да се спроведе заедничката заложба за ублажување на последиците од енергетската и финансиската криза. Во таа насока, од посебно значење беше навременото донесување на потребните акти, коишто ѝ овозможија на Општина Гевгелија да ги реализира планираните активности и проекти. Се разбира, истовремено спроведувајќи ги законските надлежности, но и остварувањето на крајната цел - подобрување на квалитетот на услугите кон граѓаните.

Во текот на 2023 година, Советот на Општина Гевгелија одржа 15 седници, на кои на дневен ред се најдоа 295 акти од неговата надлежност, од кои 272 беа донесени. Од страна на Градоначалникот на општина Гевгелија беа предложени 148 акти, од кои беа донесени 146, додека 147 акти беа предложени од други предлагачи. Заедничка определба беше навременото донесување на предложените акти, особено, кога станува збор за Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година, Завршната сметка на Општинскиот буџет за 2023 година, како и другите стратешки документи врзани со законски рокови. Со навремено постапување и спроведување на своите надлежности, во текот на изминатата година, беше обезбедено непречено функционирање на локалната самоуправа, но истовремено и развој на општината.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Закажани седници на Советот на Општина Гевгелија | 15 | Одржани седници на Советот на Општина Гевгелија | 15 |
| Предложени акти | 295 | Донесени акти | 272 |
| Предложени акти од Градоначалникот О. Гевгелија | 148 | Донесени акти | 146 |
| Предложени акти од други овластени предлагачи | 147 | Донесени акти | 126 |
| Одржани седници на работните тела | 90 | Разгледани акти | 293 |

## ФИНАНСИРАЊЕ

Стабилната финансиска состојба во Општина Гевгелија, наспроти бројните предизвици, овозможи непречено функционирање на локалната самоуправа и во 2023 година. Но, истовремено, претставуваше и значаен поттик за подобрување на условите за живеење на граѓаните од општина Гевгелија. Високата реализација на Општинскиот буџет овозможи успешна реализација на повеќе квалитетни проекти, коишто се од суштествено значење за граѓаните во нашата општина. Паралелно, придонесуваше за успешно справување со предизвиците и новонастанатите проблеми, за поквалитетно задоволување на потребите на граѓаните.

Вкупно реализираните приходи на Буџетот на Општина Гевгелија во 2023 година изнесуваат 626.013.346 денари (редовни приходи 623.266.214 и пренесени приходи 2.747.132 денари) или 97,78 % од планираниот буџет во вкупен износ од 640.224.580 денари. Даночните приходи, во износ од 180.147.361 денари, се натфрлени за 113,72%, натфрлување од 126,88% е остварено и кај капиталните приходи, во износ од 55.548.389 денари. Неданочните приходи, во износ од 16.358.894 денари, се остварени со 62,32%, приходите од трансфери и донации, во износ од 340.105.638 денари, се реализирани со 91,43%, додека домашното задолжување од 33.853.064 денари или 85,05%.

Приходите на Основниот буџет се реализирани во висина од 291.056.378 денари, што претставува натфрлување за 106,71% од планираните приходи во висина од 272.747.349 денари. Извори на приходи на Основниот буџет се даночните приходи - 180.147.361 денари, неданочни приходи - 3.488.346 денари, капиталните приходи - 55.548.389 денари и трансфери и донации - 51.872.282 денари.

Вкупно реализираните расходи на Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година во висина од 593.973.122 денари изнесуваат 92,78% од вкупно планираните расходи за 2023 година, односно 640.224.580 денари. Значајно е да се одбележи дека реализираните капитални расходи на Основниот буџет во висина од 85.902.242 денари, во споредба со планираните 91.123.782 денари, учествуваат со 94,27%. Тоа несомнено ја потврдува развојната компонента на инвестиционите активности, реализирани во текот на минатата година. Додека во вкупните расходи, според Завршната сметка на Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година, капиталните расходи учествуваат со реализација од 123.349.711 денари или 85,42%, во споредба со планираните 144.407.504 денари.

Ваквата буџетска реализација од страна на меѓународните партнери, во рамките на реализацијата на Проектот на УСАИД за зајакнување на ресурсите, се оценува како доста успешна. За тоа, освен доброто менаџирање на локалната самоуправа, секако, придонесе и донесувањето на Планот за локален економски развој, како и подготвената процедура за поделба на должностите во процесот на трошење на буџетски средства.

Покрај, вака оствареното стабилно финансиско работење, навременото донесување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година е гаранција за уште поуспешна буџетска реализација.

Буџетот на Општина Гевгелија за 2024 година е проектиран на 603.912.887 денари или околу 9,7 милиони евра. Со донесувањето на буџетската рамка од страна на Советот на Општина Гевгелија, пред крајот на годината, овозможено е непречено финансиско работење на Општината во 2024 година. Во вкупно проектираниот буџет, приходите на Основниот буџет учествуваат со 270.544.187 денари или 44,80%. Во вкупните приходи и вкупните расходи проектирани за 2024 година, капиталните приходи изнесуваат 32.794.763 денари. Во билансот на приходи на Основниот буџет, капиталните приходи изнесуваат 32.794.763 денари или 12,12%, додека во билансот на расходи, капиталните расходи учествуваат со 78.390.000 денари или 28,97%.

## ЛОКАЛНИ ДАНОЦИ И КОМУНАЛНИ ТАКСИ

За спроведување на даночната политика на Општина Гевгелија во 2023 година, од страна на Одделението за локални даноци и комунални такси беа преземени повеќе активности. Воведената електронска наплата на даночните обврски придонесе за подобрување на услугите кон граѓаните, поедноставување на начинот на плаќање, но и приближување на Општина Гевгелија кон светските трендови во работењето со платежните картички и новите начини и канали на плаќања. На даночните обврзници во Општина Гевгелија им беше овозможено, по претходна најава, бесплатно да ги користат електронските услуги за проверка на доспеаниот данок на имот, на комунална такса за фирма, како и електронско плаќање на доспеаните локални даноци и комунални такси.

Во изминатава година, забележан е зголемен процент на наплата што значително влијаеше на вкупните буџетски приходи на Општината. За таа цел, беа донесени следните решенија и други акти:

- 8.837 решенија за **данок на имот,** со вкупен износ од 21.192.125 денари, почетно салдо 26.028.644 денари и вкупна наплата од 23.172.487 денари или 49% на наплата од вкупното задолжение или 109% на наплата во однос на задолжението за 2023 година. Изработени се нови 1.224 **даночни пријави** и издадени се 2.987 **опомени** за неплатен данок на имот на физички и правни лица. Издадени се 76 **решенија за присилна наплата** на обврзници за данок на имот за правни лица.

- 444 решенија за утврден **данок на промет на недвижност,** со вкупно задолжение од 30.800.209 денари, почетно салдо од 2.032.881 денари и вкупна наплата од 30.698.389 денари или 93% на наплата од вкупното задолжение или 99,7% од задолжението за 2023 година.

- Пресметана е **камата на данок на промет на недвижен имот и наследство и подарок,** во износ од 194.807 денари почетно салдо 6.395 денари и наплата од 82.594 денари или 41% на наплата од вкупното задолжение или 42% од задолжението за 2023 година.

-383 решенија за утврден **данок на наследство и подарок** со вкупно задолжение 1.527.823 денари, почетно салдо од 444.863 денари и вкупна наплата од 1.686.168 денари и 85,5% од вкупното задолжение или 110% од задолжението за 2023 година.

- 1.911 решенија за **комунална такса за истакнување назив на фирма** во вкупен износ 9.884.375 денари, почетно салдо од 69.816.471 денари и вкупна наплата од 8.949.254 денари и 11% од вкупното задолжение или90,5% од задолжението за 2023 година. Издадени се 1.153 **опомени** за неплатена Комунална такса за фирмарина, како и 699 **решенија за присилна наплата** на обврзници за Комунална такса за фирмарина и други Комунални такси.

- 26 решенија за **комунална такса за користење простор пред деловни простории,**во вкупен износ од 715.036 денари, почетно салдо 4.450.305 денари, со вкупна наплата од 1.891.590 денари и 36,6% наплата во однос на вкупното задолжение и 264,5% во однос на задолжението за 2023 година.

- 1 решене за **комунална такса за користење на плоштади и друг простор во градот**, во вкупен износ од 13.500 денари, почетно салдо 23.214 денари, со вкупна наплата од 13.500 денари и 36,8% наплата во однос на вкупното задолжение и 100% во однос на задолжението за 2023 година.

- 17 решенија за **комунална такса за истакнување реклами, објави и огласи на јавни места,** во вкупен износ од 92.800 денари, почетно салдо од 118.300 денари и вкупна наплата од 93.800 денари или 44,4% од вкупното задолжение и 101% од задолжението за 2023 година.

По решенијата донесени од страна на Градоначалникот на општина Гевгелија, по погоре наведените основи, нема поднесено тужба.

| | Донесени решенија за 2022 | Донесени решенија за 2023 | Износ на облог на решенија за 2022 год. | Износ на облог на решенија за 2023 год. | % на напл од вкупно задолжен. | % на наплата од задолж. за 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Данок на имот | 8.592 | 8.837 | 19.959.102,00 | 21.192.125,00 | 49% | 109% |
| Данок на промет | 530 | 444 | 15.954.878,00 | 30.800.209,00 | 93% | 99,7% |
| Данок на наслед. и подар. | 424 | 383 | 2.198.948,00 | 1.527.823,00 | 85,5% | 110% |
| КТ за фирмарина | 1.863 | 1.911 | 6.837.125,00 | 9.884.375,00 | 11% | 90,5% |
| КТ за кор. на простор | 28 | 26 | 744.798,00 | 715.036,00 | 36,6% | 264,5% |
| КТ за кор. плоштад | 4 | 1 | 49.250,00 | 13.500,00 | 36,8% | 100,00% |
| КТ за објави и реклами | 19 | 17 | 59.200,00 | 92.800,00 | 44,4% | 101% |

## ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Во Општина Гевгелија во 2023 година, продолжија настојувањата и активностите за обезбедување на поволни услови за локален економски развој. Покрај континуираните мерки за натамошно ублажување на последиците од енергетската и економската криза, коишто веќе дадоа резултати, посебен акцент се стави на подобрувањето на комунална и патна инфраструктура, како предуслов за реализација на инвестиционите проекти. Истовремено, и создавање на услови за поволна бизнис-клима преку решавање на основните комунални прашања, но и афирмација на Општина Гевгелија како привлечна инвестициона и туристичка дестинација.

Донесувањето на Планот за локален економски развој го дефинира развојниот пат на Општина Гевгелија, како економски просперитетна, урбанистички и инфраструктурно-уредена општина. Општина којашто располага со предуслови за поголема искористеност на обновливите извори на енергија, секако, и со компаративни предности, која ја прават привлечна туристичка дестинација. Но, и општина со унапредено земјоделско производство, чиста животна средина, како и подобрен квалитет на живот во урбаните и руралните средини.

Токму и затоа, Општина Гевгелија минатата година посебно внимание посвети на изработката на квалитетни проекти за аплицирање на домашните и меѓународните институции, кои резултираа со одобрување на грантови за реализација на повеќе капитални проекти. Покрај поддршката на локалниот економски развој од Општинскиот буџет за реализација на одделни проекти и активности, беше значајна и поддршката од Советот за развој на Југоисточниот Плански Регион, но и на другите европски и меѓународни инвестициони програми.

Одделението за локален економски развој на Општина Гевгелија аплицираше на бројни повици на домашни институции, како и на повици од страна на ЕУ и другите

меѓународни агенции и институции. Станува збор за 19 проекти, со вкупна вредност од 200.454.712 денари, коишто беа одобрени во текот на 2022 година, а чија реализација започна или заврши во текот на 2023 година.

Така, со финансиска поддршка од Бирото за регионален развој се имплементирани 3 проекти: Реконструкција на Младински дом „Мите Танов-Коми“ во Богородица, Поставување урбана опрема - контејнери и канти за рециклирање на отпад во Гевгелија и Поставување урбана опрема за детски игралишта во селата Негорци, Прдејци и Богородица, со вкупна вредност од околу 10.000.000 денари. Дополнително, преку Центарот за развој на Југоисточниот Плански Регион, од страна на Биро за регионален развој се одобрени и реализирани Реконструкцијата на Дом на култура во Моин, како и реконструкцијата на спортската сала „Партизан“, за која тендерската постапка за избор на најповолен изведувач е повторена.

Преку Министерство за труд и социјална политика, Општина Гевгелија реализира 3 проекта во 2023 година: Воведена е, за првпат, услугата лична асистенција на лица со попреченост во Гевгелија и Богданци и Истражување за унапредување на социјалниот дијалог- ОКР (МТСП), со вкупна вредност од 8.300.000 денари, како и Доизградбата на Детската градинка „Сончогледи“- Гевгелија, во вредност од над 49 милиони денари. Преку Регионалниот фонд за предизвици, СОУ „Јосиф Јосифовски“ доби грант за Изградба на модерен, еколошки, енергетско-одржлив тренинг центар-HUB, во вредност од околу 31.000.000 денари.

Со финансиска поддршка од Министерството за транспорт и врски, Општина Гевгелија го реализираше Проектот „Поставување водоводна линија на улици во Касарна УБ 5.3. и УБ 5.6. во Општина Гевгелија“, во вредност од 2.809.845 денари. Кон крајот на 2023 година, започна имплементацијата на Проектите со финансиска поддршка од Министерството за животна средина: „Изградба на фекална канализациона мрежа, на дел од улица „7 Ноември“ и „Изградба на фекална канализациона мрежа на крак 1,2,5,6, и 7 во УБ 5.3 и 5.6“. Проектот, кој целосно е финансиран преку Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој - Изградба на полски пат до месноста „Топлик“ во Гевгелија, е завршен кон средината на 2023 година.

УНДП учествуваше со кофинансирање на три проекта, коишто Општина Гевгелија ги реализираше во 2023 година и тоа: „Зајакнување на општинските совети Фаза 2, Релоад 2“ -проекти за финансирање и јакнење на капацитетите на НВО и проектот, преку Центар за развој на ЈИПР за Изработка на Техничка документација за две локации за поставување на станици за полнење на електрични возила во општина Гевгелија. За намалување на трошоците и потрошувачката на електрична енергија на бунарското подрачје на Водоснабдителниот систем во Мрзенската ада, изградена е фотоволтаична централа.

Општина Гевгелија, минатата година, ги презентираше економските потенцијали на поднебјето на повеќе репрезентативни форуми, меѓу кои и пред дипломатскиот економски карван. Пред дипломатските претставници од 23 амбасади, предводени од 9 амбасадори и економски советници, Општина Гевгелија ги презентираше идејните проекти за урбанизирање на просторот и уредување на туристичка населба крај браната „Конско“, за ревитализација на Старата чаршија во Гевгелија, заради заштита на ова значајно културно наследство, како и за поголема искористеност на геотермалните води кај Смоквица за потребите на земјоделството, но и воопшто за затоплување на станбените и други објекти. За поттикнување на локалниот економски развој, беа организирани средби со стопанствениците за можностите и поголема искористеност на капацитетите за настап на странските пазари, за унапредување на производството и подготвеноста на локалната самоуправа за поддршка на локалниот бизнис сектор.

## ПАТНА ИФРАСТРУКТУРА

Во Општина Гевгелија, во текот на 2023 година, извршено е значително проширување и подобрување на патната инфраструктура. За таа цел, беа изградени неколку нови улици, асфалтот е обновен на најоштетените улици, а бетонирани се повеќе помали улици и краци. Покрај ова, уредени се и нови тротоари и пешачки патеки со поставување на павер-елементи. Со целосната обнова и проширување на локалната мрежа, во Општина Гевгелија беа опфатени 44.330 м² улична површина. За реализација на овој зафат од Општинскиот буџет беа издвоени вкупно 49.564.649 денари сопствени средства.

Изградбата на нови улици се одвиваше во неколку населени места, поточно, целосно нови улици се изградени во: Гевгелија, Давидово, Негорци, Прдејци и Мрзенци. Станува збор за новоизградении улици во должина од 4.198 метри или на површина од 16.728 м², во вкупна вредност од 26.458.386 денари, коишто средства беа обезбедени од Општинскиот буџет.

| **ИЗГРАДБА НА УЛИЦИ** | Статус | м1 | м² | денари |
|---|---|---|---|---|
| Гевгелија улица крак кај ДГ „Сончогледи“ | Завршено | 250.00 | | 226,757.00 |
| Улица во Давидово | Завршено | 290.00 | | 546,086.50 |
| Улици во Општина Гевгелија (започнати во 2022 г) | Завршено | 309.00 | 1,550.00 | 2,749,009.93 |
| Ул. „Ѓорги Велков“ Негорци | Завршено | 305.00 | 1,230.00 | 1,458,96500 |
| Ул. „Ванчо Баламов“ Прдејци | Завршено | 176.00 | 740.50 | 803,599 |
| Булевар „Гевгелија “ (ул.„ Св.Климент Охридски“) Гевгелија - долен строј | Завршено | 940.00 | | 1,834,322 |
| Изградба на новопланирана улица 6 од ГУП Гевгелија (поврзување со Милци) | Завршено | 1,368 | 11,423 | 10,662,793 |
| Изградба на пристапен пат до земјоделско земјиште во КО Мрзенци | Завршено | 560.00 | 1,784.24 | 740,378.00 |

Минатата година, започна реализацијата на втората фаза од изградбата на улицата „Свети Климент“ (Продолжување на Западниот булевар), со изградба на фекална и атмосферска канализација, како и на водоводна линија, што е предуслов за целосна изградба на оваа заобиколна сообраќајница околу Гевгелија. По изградбата на комуналната инфраструктура, ќе започнат изведбените работи за реализација на третата фаза, односно асфалтирање на улицата „Свети Климент“. Изградбата на Западен Булевар како проект има огромно значење за нашите сограѓани, бидејќи со неговата реализација се отвора можноста за движење на товарните возила, надвор од градот и урбаната средина.

Во текот на 2023 година, обновен е асфалтот на улична површина од 6.798 м.² и тоа на улиците во: Гевгелија, Давидово, Миравци и Милетково. За реконструкција на улиците од Општинскиот буџет беа издвоени 5.647.549 денари.

| **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ (Обновување на асфалт)** | Статус | м² | денари |
|---|---|---|---|
| Стар надвозник Вардарски Рид - Бенз.Шимов и пред Вори | Завршено | 684.87 | 471,076.13 |
| Исклучување од стар автопат Мотел – „Де Факто“ | Завршено | 1,132.43 | 778,923.63 |
| Пред Бензинска пумпа „Шимов“ на влезот во Гевгелија | Завршено | 1,096.63 | 1,038,954.50 |
| Улици „Едвард Кардељ“ и „Иднина“ во Миравци | Завршено | 3,883.95 | 3,358,595.50 |

Исто така, во текот на 2023 година беше извршено и бетонирање на помали улици и краци во Гевгелија и во другите населени места, на вкупна површина од 17.512 м.², за што беа издвоени 12.335.882 денари.

| **БЕТОНИРАЊЕ (улици-краци )** | Статус | м² | денари |
|---|---|---|---|
| Гевгелија улица покрај канал Рауљ | Завршено | 1,638.00 | 832,552.26 |
| Гевгелија краци | Завршено | 825.50 | 437,043.51 |
| Негорци краци | Завршено | 2,382.00 | 1,262,755.31 |
| Мрзенци краци | Завршено | 794.50 | 420,966.05 |
| Ново Конско краци | Завршено | 605.00 | 310,534.68 |
| Гевгелија краци (Виолета парк, пошта, касарна, амбалажерка и х. Пелагонија) | Завршено | 425.00 | 494,214.52 |
| Ново Конско краци | Завршено | 992.64 | 273,166.08 |
| Паркинг простор кај Кружен тек на Булевар „Гевгелија“ и „7-ми Ноември“ | Завршено | 463.30 | 403,735.59 |
| Улици и краци во с. Конско | Завршено | 783.00 | 655,362.01 |
| Улици и краци во с. Смоквица | Завршено | 2,053.00 | 1,716,627.12 |
| Улици и краци во Смрдлива Вода | Завршено | 1,891.00 | 1,592,344.92 |
| Улици и краци во Гевгелија | Завршено | 997.00 | 815,951.28 |
| Улици и краци во Миравци | Завршено | 2,397.00 | 2,041,255.50 |
| Улици и краци во Давидово | | 1.006, 50 | 857.492,50 |

Во текот на минатата година, извршена е изградба и реконструкција на тротоари и патеки на вкупна површина од 3.242 м.², во вредност од 5.122.830 денари.

| **Изградба и реконструкција на тротоари, патеки, станбени улици и други јавни површини со павер елементи** | Статус | м1 | м² | денари |
|---|---|---|---|---|
| Тротоари и патеки на ул. „Даме Груев“ (позади „Астора“) | Завршено | 270.90 | 474.48 | 1,062,980.00 |
| Тротоари на ул.„Б. Кидрич“- Гевгелија | Завршено | 315.40 | 1,095.26 | 1,422,207.00 |
| Тротоари на ул.„Моински пат“, „7-ми Ноември“, „Кирил и Методиј“, „Павел Шатев“ и „М. Тито“- Гевгелија | Завршено | 690.60 | 1,539.94 | 2,273,638.00 |
| Тротоари на ул. „1-ви Мај“ и „Јосиф Јосифовски“ спроти ДТВ „Партизан“ | Завршено | 67.84 | 133.02 | 364,005.87 |

Покрај тековното одржување на локалните патишта, во текот на 2023 година беа реализирани и неколку помали зафати, по барање на граѓаните:

| ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ПАТИШТА | Статус | денари |
|---|---|---|
| Улица и краци во Ново Конско | Завршено | 354,780.00 |
| Краци на улици во Гевгелија | Завршено | 1,138,036.00 |
| Бетонирање пропуст кај Рауљот, рампи кај Библиотека и Пазар | Завршено | 281,496.00 |
| Тампонирање, бетонирањена улици во Смрдлива Вода | Завршено | 2,975,748.00 |
| Тампонирање, бетонирање на пропусти во Гевгелија | Завршено | 728,939.00 |
| Рампи на тротоари, улица во Мрзенци, шахта на ул. „Кукушка“ | Завршено | 1,418,348.65 |

## КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Во текот на минатата година, покрај финиширањето на капиталните еколошки проекти, беа реализирани и неколку значајни инвестициони проекти за подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните. Заврши изградбата на атмосферска канализација во опфат од една третина од подрачјето на градот Гевгелија, на вкупна должина од 6.500 метри. Линија за одведување на атмосферските води е поставена на улица „Моински пат“, од спортско-рекреативниот центар Динќут, покрај поранешна Касарна, па сè до улица „Железничка“.

Изградбата ги опфати и улиците „Ристо Бојмалиев“, „Ристо Фаршинин“, „Илија Миов“, „Рајко Жинзифов“ и „Мечкин камен“. Овој проект е од суштинско значење и има долгогодишен директен и индиректен бенефит за сите граѓани на општина Гевгелија. Исто така, поставена е нова атмосферка канализација на улиците „Јосиф Јосифовски“, „Ристо Фаршинин“ и „Илинденска“ со придружните краци, во должина од 3.560 м., во вредност од 40.255.669 денари. Нова атмосферка канализација е изградена и на улицата „Никола Карев“ и дел од улицата „Серменинска“, во должина од 980 м. и вредност од 12.291.844 денари.

За решавање на децениски проблеми на околу 5.500 жители, изградени се нови водоснабдителни системи во неколку населени места. Во Негорци е решен проблемот со водоснабдување, изграден е цевковод со должина од 6.405 метри и истиот е поврзан на Водоснабдителниот систем во Гевгелија. Извршена е рехабилитација на цевковод за водоснабдување од Гевгелија до Богородица, со должина 904 м., во вредност од 3.088.255 денари. Изграден е доводен цевковод, во должина од 4.653 м., за приклучување на водоводната мрежа во Прдејци со водоснабдителниот систем во Гевгелија. Покрај ова, изградена е шахта со хидромеханичка опрема за непречено регулирање на доводот на вода и стабилно и квалитетно водоснабдување на ова населено место.

Покрај овие капитални проекти, реализирани со грантови и сопствено учество, комуналната мрежа во Гевгелија и во населените места е значително обновена и проширена. Изградени се нови водоводни и канализациони линии за атмосферски и отпадни води, во должина од 3.728 метри, во вредност од 39.174.557 денари, обезбедени од Општинскиот буџет. Поставени се нови канализациони линии, во должина од 950 метри, за што се издвоени 16.666.557 сопствени средства.

| **ФЕКАЛНИ КАНАЛИЗАЦИИ** | Вредност по Договор | Статус | м1 | денари |
|---|---|---|---|---|
| Изградба (продолжување) на Булевар „Гевгелија“ (ул.„Свети Климент Охридски“) - втора фаза | 18,021,184.01 | Во тек | 950 | 16,666,557 |
| Изградба на фекална канализација на дел од ул.„7-ми Ноември“, УБ 1 (1.1) Гевгелија | 1,883,192.68 | Потпишан Договор | | |
| Изградба на фекална канализациона мрежа на краци 1, 2, 5, 6 и 7 во УБ 5.3 и 5.6 Гевгелија | 2,875,341.40 | Потпишан Договор | | |

Подеднакво се работеше и на изградбата на нови линии за атмосферски води, и тоа, не само на улица „Свети Климент-Охридски“, туку и на други линии.

| **АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА** | Вредност по Договор | Статус | м1 | денари |
|---|---|---|---|---|
| Изградба (продолжување) на Булевар „Гевгелија“ - Гевгелија (ул.„Свети Климент Охридски“) - втора фаза | 11,816,920.60 | Во тек | 858.90 | 10,406,874 |
| Изградба на атмосферски и фекални канализациони линии во општина Гевгелија | 7,480,857.00 | Потпишан Договор | | |

Минатата година беа изградени и нови водоводни линии во Гевгелија, во должина од 1.919 метри и вкупна вредност од 12.101.126 денари.

| **ВОДОВОДНИ ЛИНИИ** | Вредност на на договор/ден | Статус/ | **м1** | **денари** |
|---|---|---|---|---|
| Изградба (продолжување) на Булевар „Гевгелија“ - Гевгелија (ул.„Свети Климент Охридски“) - втора фаза | 10,330,524.88 | Во тек | 1,182.00 | 9,440,287.00 |
| Изградба на водоводна линија на улици во УБ 5.3 и 5.6 во Гевгелија | 2,809,845.50 | Во тек | | |
| Изградба на водоводна линија на улици во УБ 5.3 и 5.6 во Гевгелија - КРАК 1 | | Завршена | 360.82 | 1,086,606.00 |
| Изградба на водоводна линија на улици во УБ 5.3 и 5.6 во Гевгелија - КРАК 5 | | Завршена | 377.04 | 1,574,233.00 |

## ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Заштитата на животната средина и во 2023 година беше приоритетна заложба на локалната самоуправа, а се манифестираше со неколку значајни зафати и проекти. За одбележување е завршниот настан, по реализацијата на Проектот за изградба на прочистителната станица кај Сува Река, којшто е означен како исклучително важен инфраструктурен проект. И тоа, како резултат на соработката на три држави: Швајцарија, Грција и Северна Македонија и на активното учество на Општина Гевгелија и нејзиното Јавно комунално претпријатие. Изградбата на прочистителната станица за отпадни води придонесува за подобрување на условите за живот на граѓаните на двете соседни држави. Но, целиот проект е повеќекомпонентен и има пошироко значење за заштита на животната средина во пограничниот појас. Станува збор за трилатерален проект, вреден 10,6 милиони евра, кој е финасиран од владите на Швајцарската Конфедерација, на Република Грција, Република Северна Македонија и Општина Гевгелија.

Покрај прочистителната станица за отпадни води изграден е и потпорен ѕид, кој овозможува заштита од поплави, а, исто така, изграден е и нов мост преку Сува Река, со асфалтен пристап. Старата дива депонија е дислоцирана, локацијата е целосно исчистена и уредена во зелена површина. За Општина Гевгелија, овој повеќекомпонентен проект, има големо значење не само од еколошки аспект туку и затоа што придонесува за подобрување на прекуграничната соработка и за создавање на нови можности за унапредување на инвестициската клима, а, истовремено и за развој на туризмот.

Паралелно со профункционирањето на Времената депонија, Општина Гевгелија, во соработка со ЈПКД „Комуналец“, организираа редовни акции за расчистување на дивите депонии крај населените места. Екипите и механизацијата на ЈПКД„Комуналец“ ги расчистија дивите депонии во близина на неколку населени места. Успешно продолжи реализацијата на Проектот за селекција на комуналниот отпад. Најпрво, беше набавена помала количина на садови, за реализација на пилот-тест периодот, по што уследи набавка и дистрибуција на 2.096 жолти пластични канти и 56 контејнери, по домаќинствата и правните лица, со што и практично започна селектирањето на комунален отпад во градот. Садовите се бесплатни и се наменети за селекција на хартија, пластичен и лимен отпад. Наскоро, канти за селекција на комуналниот отпад ќе бидат набавени и поделени и во другите населени места.

Акцијата за обнова на зелените површини продолжи со уредувањето на постојните, но и на нови паркови во станбените населби. На просторот пред станбениот комплекс на булевар „Гевгелија“, познат како „Социјални згради“, на 6.000 метри², во завршна фаза е изградбата на новиот Градски парк во Гевгелија. Паркот ќе располага со хортикултурно-уреденизелени површини, пешачки патеки, партерно е уреден со павер-елементи, како и урбана опрема со современо осветлување.

Во рамките на акцијата за обезбедување на обновливи извори на енергија, беа реализирани неколку значајни проекти, коишто истовремено придонесоа и за намалување на потрошувачката и трошоците за електрична енергија. На бунарското подрачје на водоснабдителниот систем во Мрзенската ада, изградена е фотоволтаична централа, со моќност од 300 киловати. Со овој зафат на ЈПКД„Комуналец“ значително ќе бидат намалени трошоците за струја, бидејќи бунарското подрачје е еден од најголемите потрошувачи на електрична енергија.

Фотоволтаична централа е изградена и на прочистителната станица кај Сува Река, со што значително ќе бидат намалени трошоците за електрична енергија на овој стратешки објект. Вложувањето во енергетска инфраструктура овозможува континуиран развој, но претставува и посебен поттик за поголема искористеност на обновливите извори за енергија, коишто ги има во изобилство на ова поднебје.

## УРБАНИЗАМ

Обезбедување квалитетни услови за урбано живеење беше еден од приоритетите и во текот на минатата година, коешто се реализираше преку комуналното уредување на градежно земјиште, урбанистичкото планирање и заштитата на животната средина. За остварување на ваквата политика, Општина Гевгелија настојуваше да излезе во пресрет на барањата и потребите на граѓаните и правните субјекти. Во прв ред, преку навремено и поефикасно решавање, било да се работи за нивните барања согласно општинските надлежности или пак при обезбедувањето на услови за инвестирање. Општина Гевгелија е меѓу првите општини, којашто го применува електронското издавање на одобренија за градба и електронската комуникација со Агенцијата за катастар. Ваквото електронското работење значително влијаеше на ефикасноста и квалитетот на услугите кон граѓаните и правните субјекти.

Во Одделението за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина на Општина Гевгелија, бројот на поднесените и решените барања по разни основи во однос на претходната година е во пораст. Во текот на 2023 година од страна на граѓаните и правните субјекти до Оддлението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина биле поднесени 1.206 барања, а се решени 695 предмети. Имено, во тековната година се решаваат и заостанатите предмети од претходната година, меѓу кои најголем број на заостанати предмети се поврзани со барањата за бесправно-изградените објекти. Што се однесува до другите поднесени барања, најголем број се решени во законскиот рок.

Минатата година, биле поднесени 48 барања за одобрение за градење ( 9 се преземени од претходната година), од кои 48 се решени со што е овозможена непречена реализација на проектите од инвеститорите. Во најчест случај, издадените одобренија за градње се однесуваат на изградба на станбени објекти. Од поднесените 18 барања за поставување урбана опрема (како и останатите 25 барања од претходната година) решени се 29 барања. Сите барања за извод од урбанистичка планска документација и дописи во кои спаѓаат потврди, уверенија и информации се целосно решени.

| | Вид на документи | Поднесени барања | Решени | Останати за решавање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Извод од Урбанистички план | 521 | 521 | 0 |
| 2. | Легализација на бесправни објекти | (461 - преостанати) | / | / |
| 3. | Легализација на бесправно-изградени објекти на земјоделскоземјиште | (31 - останати) | / | / |
| 4. | Одобрение за градење | 48<br>(9 - останати) | 48 | 9 |
| 5. | Решение за поставување на урбана опрема | 18<br>(25 - останати) | 29 | 14 |
| 6. | Други решенија | 74<br>(8 - останати) | 80 | 2 |
| 7. | Одобрение за градење на земјоделско земјиште | 1<br>(0 - останати) | 1 | 0 |
| 8. | Издавање на Решение за животна средина | 10<br>(0 - останати) | 9 | 1 |
| | **В к у п н о:** | **1.206**<br>534 (2022г.)<br>**672 (2023г.)** | **695** | **511** |

Во врска со урбанистичките планови, во 2023 година е донесен еден од 3 урбанистички планови. Додека, во постапка за донесување се 14 урбанистички планови од претходните години и 7 од 2023 година.

| Урбанистички план | Одлука на Совет | Дата |
|---|---|---|
| Измена и дополнување на дел од Блок 5 од УП за село Богородица, Гевгелија, плански период 2022-2032год. **12.973,73 м** | Одлука бр.09-47/1 | 27.04.2023. |

| **Урбанистички планови во постапка** | |
|---|---|
| 1. | Измена на Детален урбанистички план за дел од Блок 14.2, КО Гевгелија, општина Гевгелија. **(8387-2017)** |
| 2. | Детален урбанистички план за дел од Блок 4 (дел од 4.3), КО Гевгелија, **(23455-2019)** |
| 3. | Детален урбанистички план за Блок 1.2, Блок 2.1 и Блок 2.2, КО Гевгелија, општина Гевгелија.(**24154-2019)** |
| 4. | Детален урбанистички план за Блок 12, КО Гевгелија, општина Гевгелија.**(25808-2019)** |
| 5. | Детален урбанистички план за Блок 7.2, КО Гевгелија, општина Гевгелија.**(25921-2019)** |
| 6. | Детален урбанистички план за Блок 11 (11.3) КО Гевгелија, општина Гевгелија.**(31225-2019)** |
| 7. | Детален урбанистички план за дел од Блок 4.2, КО Гевгелија, општина Гевгелија.**(31264-2020)** |
| 8. | Детален урбанистички план за Блок 15.1 и Блок 15.2, КО Гевгелија, општина Гевгелија.**(31921-2020)** |
| 9. | Измена на УПВНМ Граничен премин Богородица, општина Гевгелија.**(3158 – 2015)** |
| 10. | Урбанистички план за село Негорци, КО Негорци, општина Гевгелија. **(21241 – 2019)** |
| 11. | Измена и дополнување на дел од Блок 7 од УПВНМ за мултинамеснки стопански комплекс на потег Гевгелија-граничен премин Богородица, **(23465 – 2019)** |
| 12. | Урбанистички план за село Мрзенци со разработка на Блок 7, 12, 14 и 25, КО Мрзенци, општина Гевгелија.**(26722 – 2020)** |
| 13. | Урбанистички план за село Миравци, КО Миравци, **(34086 – 2021)** |
| 14. | Детален Урбанистички План за Блок 15. (15.11) **(44227-2022)** |
| 15. | Измена и дополнување на Урбанистички план за село Прдејци (Блок 5) **(49362-2023)** |
| 16. | Измена и дополнување на дел од Блок 3 од УПВНМ за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија-Граничен премин Богородица **(50559-2023)** |
| 17. | Урбанистички План за село Конско **(53383-2023)** |
| 18. | Урбанистички План вон населено место локалитет ,,Конска Брана,,**(53384-2023)** |
| 19. | Детален Урбанистички План за дел од Блок 1.5 **(51537 – 2023)** |
| 20. | Детален Урбанистички План за дел од Блок 10.2 **(52763 – 2023)** |
| 21. | Детален Урбанистички План за Блок 7.1 **(57175 – 2023)** |

## КОМУНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Покрај редовните и планираните активности за комунално уредување на градежното земјиште, Општина Гевгелија минатата година успешно разреши неколку проблеми што подолго време ги мачат граѓаните во Гевгелија и во населените места. Профункционира Прифатилиштето за бездомни животни со што се решава еден од горливите проблеми во градот, што го предизвикуваат кучињата скитници. Активностите за адаптирање на посебниот објект за Прифатилиште на кучињата скитници, крај прочистителната станица на Сува Река, се одвиваа согласно стандардите на Агенцијата за храна и ветеринарство. Прифатилиштето има капацитет за сместување на 13 кучиња, со можност за негово проширување, а за непречено негово функционирање во ЈПКД „Комуналец“ е формирана нова организациона единица.

Во Богородица, целосно е реновиран стариот објект на „Винојуг“. Извршено е комплетно реновирање на покривот, сменета е столаријата, поставен е нов под, а уредени се и санитарните јазли. Исто така, извршено е уредување на останатите внатрешни и надворешни простории. Покрај целосното реновирање на стариот објект на „Винојуг“, во Богородица беа реновирани и просториите на пензионерите, со што се обезбедени пристојни услови за нивно собирање и дружење.

Акцијата за модернизација и намалување на трошоците на јавното улично осветлување во општина Гевгелија продолжи и во изминатава година. За намалување на трошоците за електрична енергија, во мрежата на уличното осветлување на подрачјето на пштина Гевгелија, беа заменети сите 3.500 натриумови сијалици од 80W со нови лед-светилки од 18W. Извршена е и ревитализација на сите канделабри во централното градско подрачје, со нови модерни лед-плочи, кои овозможуваат поголема светлина и пониска потрошувачка. За поквалитетно јавно осветлување на новите станбени населби, изградена е нова линија за улично осветлување на улицата „Александар Бел“ во новата населба „Мрзенски Рид“, како и на една улица во станбената населба „Караорман“.

Покрај реализираните активности за комунално уредување на градежното земјиште, Општина Гевгелија, врз основа на Законот за градежно земјиште и Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште, во државна сопственост, во текот на 2023 година спроведе 5 објави за продажба на 18 градежни парцели на подрачјето на општината. Преку спроведување постапки за електронско јавно наддавање, извршено е отуѓување на градежни парцели за домување во станбени куќи во станбените населби „Караорман“ и „Касарна“, со почетна цена на наддавање од 61ден./м$^2$, како и на градежни парцели за домување во станбени згради,со почетна цена на наддавање од 2.570 ден./м$^2$.

| Градежна парцела /Урбан Блок | Намена на градежна парцела | Објавени парцели | Отуѓени парцели |
|---|---|---|---|
| Блок 9- (9.1 и 9.2) КО Гевгелија | А1- Домување во станбени куќи | 14 | 12 |
| Блок 5.3 и 5.6 КО Гевгелија | А1- Домување во станбени куќи | 2 | 2 |
| дел од Блок 4 (4.4) КО Гевгелија | А2- Домување во станбени згради | 2 | 2 |

Преку електронскиот систем на градежно земјиште во текот на 2023 година поднесени се 17 нови барања од физички и правни лица за отуѓување на државно градежно земјиште со непосредна спогодба. Поголем дел од барањата се однесуваат за оформување на градежна парцела, согласно ДУП, за отуѓување на градежно земјиште врз основа на донесено решение за утврдување на правен статус на бесправен објект.

| Отуѓување на градежно земјиште со непосредна спогодба/2023 | | |
|---|---|---|
| Поднесени барања | Решени | Во постапка |
| 17 | 14 | 3 |

Заради изградба на комунална инфраструктура во општина Гевгелија (општински патишта, улици, водовод, канализација), надлежност на Општината е и поведување постапки за експропријација и воведување право на службеност на земјиште во приватна сопственост, опфатено при изградбата на инфраструктурата. Во текот на 2023 година, со предлог за потполна експропријација поведени се повеќе постапки и извршена е експропријација на земјиште за изградба на инфраструктурни објектина подрачјето на општината:

| Предлог за експропријација | Извршена експропријација | Во постапка за расправа |
|---|---|---|
| ул. „Климент Охридски“ | 1 | / |
| ул.„Кожуф“ | 1 | / |
| ул.„Ристо Јанев„ | 2 | / |
| пристапна улица во Блок 5 | 1 | / |
| улици во Блок 7.5 | 7 | 9 |

## ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Општина Гевгелија, согласно своите надлежности, врши инспекцискиот надзор, којшто е посебно значаен контролен механизам во примената на законските одредби. Особено, кога се работи за градежништвото, комуналната и патна инфраструктура, заштитата на животната средина и сообраќајот. За поголема ефикасност на овој контролен механизам, настојувањата беа насочени кон поголема присутност на теренот, санкционирање на констатираните неправилности, но и изнаоѓање на соодветни решенија на проблемите кои го забавуваат инспекцискиот надзор. Во прв ред, поголема организираност и екипираност на инспекциските служби, за што веќе се преземени одредени активности. Инспекцискиот надзор во општината се врши од страна на лиценцирани инспектори, со нагласена отчетност и поголема ефикасност што треба да придонесе за поголема ефективност на инспекцискиот надзор.

**Комуналната инспекција** во текот на 2023 година има извршено 56 инспекциски надзори, за што се изготвени записници и преземени се соодветни мерки согласно законските одредби. Во рамките на своите надлежности комуналната инспекција, врз основа на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, заради отстранување на дефект или приклучување на водоводна и канализациона линија или неправилно одведување на отпадните води од домакинствата има изготвено 9 записници. Притоа, се донесени 9 решенија за отстранување на неправилностите и 9 заклучоци за запирање на постапката. Од областа на јавната чистота направени се 32 контроли за што се донесени 32 записници и исто толку решенија. Решенијата се за отстранување на хаварисани возила од јавната површина, отстранување на градежен материјал или градежен шут на јавна површина. Согласно Одлуката за комунален ред на Општина Гевгелија, извршени се 12 инспекциски надзори за користење на јавна површина од имателите на Одобрение за користење на јавна површина. Изготвени се 12 записници и решенија за отстранување на поставена опрема или прибавување на решение од надлежниот орган на Општината за вршење на дејност пред деловен објект.

Врз основа на Законот за комунални дејности и Одлуката за комунален ред на Општина Гевгелија, направени се 3 контроли, за што се изготвени 3 записници и исто толку решенија за отстранување на ситна и крупна стока и живина од урбаната средина. Постапката е запрена поради отстранување на утврдените неправилности. По извршените контролни надзори изготвени се 54 записници за запирање на постапката. Притоа, се издадени 2 прекршочни налози.

| Видови на донесени акти | 2023 | |
|---|---|---|
| | Записници | Решенија |
| Решение за отстранување на дефект или приклучување на водоводна и канализациона линија или одведување отпадни води | 9 | 9 |
| Решенија по Законот за јавна чиста (хаварисани возила, песок, градежен шут, неправилен транспорт на градежни материјали) | 32 | 32 |
| Поставување на урбана опрема и трговска стока пред деловни објекти за вршење дејност | 12 | 12 |
| Отстранување на ситна и крупна стока и живина од урбаната средина | 3 | 3 |
| Прекршочен платен налог по ЗЈЧ | | 12 |
| Барање за поведување на прекршочна постапка | | |
| Заклучок за отфрлање на барање поради неоснованост или ненандлежност | 3 | |
| Контролен записник за запирање на постапката | 56 | |
| **Вкупно** | **66** | |

**Овластениот градежен инспектор** својата работа ја насочи кон инспекциски надзор над примената на Законот за градење и прописите донесени врз основа на овој закон. Тоа подразбира вршење инспекциски надзор над градби од локално значење кои во Законот за градење се дефинирани како градби од втора категорија. Оттука, согласно законската регулатива, инспекцискиот надзор се однесуваше на градбите што се градат со одобрение за градење или се градат бесправно. Основа за поведување на инспекциска постапка е бесправната градба, односно градба којашто се гради без одобрение за градење и градба која се гради спротивно на одобрението за градење и одобрениот основен проект. Ваквите незаконски појави се присутни во општината, поради што се наметна потребата од поголема присутност на теренот и екипираност.

Во извештајниот период овластениот градежен инспектор ги има изработено, односно издадено следните записници и инспекциски акти:

| Видови на донесени акти | 2023 |
|---|---|
| Записници за констатација | **67** |
| Донесени решенија за запирање (прекинување) на градба | **1** |
| Донесени решенија за уривање (отстранување) на градба | **20** |
| Испратени писмени известувања до надлежни институции | **89** |
| Достава на списи и други управни акти | **38** |

Општина Гевгелија, согласно своите надлежности, редовно ги применува контролните мерки и активности за заштита на животната средина преку **Овластениот инспектор за животна средина.** Инспекцискиот надзор во заштитата на животната средина, во текот на 2023 година, беше насочен кон заштитата и унапредување на квалитетот и состојбата на медиумите на животната средина. Големо влијание врз животната средина, секако, има бројот на инсталации со издадени Б интегрирана еколошка дозвола, којашто ги содржи податоците за операторот и инсталацијата, како и барањата коишто операторот мора да ги исполни во врска со работењето на инсталацијата, согласно законските прописи. Предвидени се и обврските во однос на мониторингот на емисиите, определувањето на методите и зачестеноста на мерењата. Во Општина Гевгелија, врз основа на поднесените барања и примена на законската постапка, издадени се Б интегрирана еколошка дозвола на 9 правни субјекти. Исто така, е издадена и 1А интегрирана еколошка дозвола од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, во чија надлежност е ваквата постапка, на еден правен субјект во општината.

Во извештајниот период **Овластениот инспекторот за патен сообраќај** , своите работни задачи ги извршуваше согласно законската регулатива од областа на превозот на патници на подрачјето на општина Гевгелија и тоа применувајќи го Законот за превоз во патниот сообраќај. Покрај работните задачи, како овластен инспектор за патен сообраќај, дел од работните активности беа насочени кон состојбата на сообраќајниците во делот на сообраќајната сигнализација. Редовниот инспекциски надзор над превозот се вршеше во зависност од расположивото време и ангажманот на полициските службеници, со кои согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, заеднички се врши инспекцискиот надзор.

Во текот на 2023 година, инспекторот за патен сообраќај има направено 35 инспекциски надзори. Главен акцент беше ставен на контролата на општинскиот линиски превоз на патници во општина Гевгелија. Притоа, беа преземени мерки за одземање на дозволите добиени за вршење општински линиски превоз и бришење на возните редови од регистерот на возни редови. Исто така, беа направени и 11 контролни инспекциски надзор. Во текот на минатата година, беа обновени лиценците за општински линиски превоз, коишто се предуслов за доделување дозволи за вршење посебен линиски превоз на патници-ученици и работници.

Податоците од извршените инспекциски надзори и констатираните недоследности се наведени во следната табела:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Редовен инспекциски надзор | 35 |
| 2. | Контролен инспекциски надзор | 11 |
| 3. | Записници | 24 |
| 4. | Решенија за отстранување недостатоци | 11 |
| 5. | Решенија за времено одземање на возила | / |
| 6. | Барања за поведување на прекршочна постапка | 4 |

## ОБРАЗОВАНИЕ

Воспитно-образовниот процес во Општина Гевгеија се остварува во четирите Општински основни училишта и нивните подрачни училишта, Основното музичко училиште и Средноучилишниот центар. Во учебната 2023/24 година беа запишани 1885 ученици во основните училишта, кои наставата ја следат во 97 паралелки. За сите ученици, како во централните, така и во подрачните училишта, беа обезбедени потребните услови и кадар за непречено одвивање на образовниот процес.

| Училиште | 1-5 одд. | | 6-9 одд. | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ученици | паралки | ученици | паралелки | ученици | паралелки |
| ООУ „Крсте Мисирков“ | 475 | 21 | 345 | 14 | 820 | 35 |
| ООУ „Владо Кантарџиев“ | 412 | 21 | 334 | 16 | 746 | 37 |
| ООУ „Климент Охридски“ | 79 | 8 | 86 | 5 | 136 | 12 |
| ООУ„Ристо Шуклев“ | 97 | 8 | 86 | 5 | 183 | 13 |
| **Вкупно** | 1063 | 58 | 822 | 39 | 1885 | 97 |

Во СОУ „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија во учебната 2023/24 година се запишани 664 ученици, кои наставата ја следат во 37 паралелки. Во ова средно училиште, во гимназиското образование наставата ја следат 262 ученици во 16 паралелки, додека во стручното образование 401 ученик во 21 паралелка.

| Училиште | 1-4 клас | |
|---|---|---|
| **СОУ „Јосиф Јосифиовски“** | ученици | паралелки |
| Средно образование | 664 | 37 |
| Гимназиско образование | 262 | 16 |
| Стручно образование | 402 | 21 |

Општина Гевгелија со бројни активности и мерки продолжи да ги поттикнува младите, преку бројни активности, но и конкретна финансиска помош и награди за учениците. По завршетокот на учебната 2022/2023 година, традиционално во гевгелиските Основни училишта и Средното училиште во деветтите одделенија, беа прогласени првенците на генерацијата. Според Правилникот за избор на првенец на генерација и исполнетите критериуми во текот на основното образование, за првенци на генерацијата во основните училишта беа прогласени четворица ученици, а во СОУ „Јосиф Јосифовски“ и во ООМУ „Васо Карајанов“ по еден ученик. Градоначалникот на општина Гевгелија, првенците во основното образование ги награди со по 10.000 денари, а првенецот на генерацијата во СОУ„Ј. Јосифовски“ со 15.000 денари.

Општина Гевгелија продолжи со доделувањето стипендии на студенти на високообразовните институцииво земјата. Во студиска 2022/23 година, по распишан Конкурс, беа доделени 9 стипендии за студенти жители на општина Гевгелија, и тоа, пет стипендии на студенти запишани на Медицинските факултети во земјата-насока Општа медицина и четири стипендии за студенти запишани на Машинските и Електротехничките факултети во земјата. Износот на стипендијата изнесува 6.000 денари и се доделува за десет месеци.

Во сите основни училишта, како и во Средноучилишниот центар во општина Гевгелија во текот на 2023 година беа реализирани повеќе инвестициони активности и проекти, кои значително ги подобрија условите за квалитетна настава. Покрај санационите зафати, набавени се потребните нагледни средства, нов мебел, а

обезбедени се и поволни услови за инвалидизираните ученици. За таа цел, во петте Основни училишта и во Средноучилишниот центар „Јосиф Јосифовски“ во Општината беа вложени 16 милиони денари. Најголемиот дел од средствата беа заштедени од блок дотациите, но, дел од средствата беа обезбедени од Општинскиот буџет.

**Во СОУ„Јосиф Јосифовски“** во Гевгелија извршено е ентериерно и партерно уредување во спортска сала, на угостителска сала, опремен е кабинетот за здравствена струка, набавени се различни наставно-образовни помагала. Исто така, уреден е училишниот двор со поставување на патеки. За реализација на сите активности и проекти се вложени 6.349.396 денари. Во **ООУ„Крсте Мисирков“** извршена е реконструкција на канцеларии, дел од кујната и тоалетите, набавен е училиштен мебел за провоодeленците, набавени се компјутери, интерактивни табли, телевизори и други нагледни средства.

За подобрување на условите за настава се вложени 3.550.656 денари. Во **ООУ„Владо Кантарџиев“** вложени се вкупно 1.733.160 денари за реконструкција на училниците во ПУ Богородица, како и на училницата за продолжен престој. Во **ООУ„Климент Охридски**“ во Миравци извршена е реконструкција на ПУ во Милетково, набавенени се училиштен мебел, таблети, телевизори, интерактивни табли и други нагледни средства, за што се вложени 3.482.559 денари. Во **ООУ„Ристо Шуклев“** во Негорци, извршена е санација на парното греењево ПУПрдејци, а во ПУ Кованец уреден е училишниот двор. Набавени се училишен мебел и нагледни средства, во вкупна вредност од 348.700 денари. Во **ООМУ „Васо Карајанов“** извршена е реконструкција на покривот на помошниот објект, како и на училница, за што се вложени 470.000 денари.

| **ООУ „Крсте Мисирков“- Гевгелија** | | |
|---|---|---|
| 1. | Набавка на телевизори | 58,516.00 ден. |
| 2. | Набавка на компјутери | 64,617.00 ден. |
| 3. | Набавка на интерактивни табли | 106,500.00 ден. |
| 4. | Набавка на училишен мебел | 174,657.00 ден. |
| 5. | Набавка на нагледни средства за ФЗО | 45,550.00 ден. |
| 6. | Набавка на пумпа за парно | 59,630.00 ден. |
| 7. | Реновирање на дел од кујна | 179,800.00 ден. |
| 8. | Замена на дел од сливници | 15,000.00 ден. |
| 9. | Набавка на училишен мебел за прво одделение (во тек) | 632,000.00 ден. |
| 10. | Реконструкција на влез (во тек) | 600,000.00 ден. |
| 11. | Реконструкција на дел од тоалети (во тек) | 480,000.00 ден. |
| 12. | Реконструкција на под во канцеларии (во тек) | 300,000.00 ден. |
| | **Вкупно:** | **2,716,270.00 ден.** |
| **ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија** | | |
| 1. | Набвака на интерајтивни табли | 142,000.00 ден. |
| 2. | Реконструкција под во училница за продолжен престој | 20,000.00 ден. |
| 3. | Реконструкција на под во училници во ПУ Богородица | 130,000.00 ден. |
| 4. | Молеро-фарбарски работи во ЦУ | 436,714.00 ден. |
| 5. | Набавка на интерактивни табли (во тек) | 420,000.00 ден. |
| 6. | Набавка на видео-надзор во ПУ | 130,000.00 ден. |
| 7. | Експанзија на парно (во тек) | 150,000.00 ден. |
| | **Вкупно:** | **1,428,714.00 ден.** |

| | | |
|---|---|---|
| **ООУ „Климент Охридски“- Миравци** | | |
| 1. | Набавка на таблети | 25,756.00 ден. |
| 2. | Набавка на косалка на трева | 11,000.00 ден. |
| 3. | Набавка на принетер и телевизори | 33,000.00 ден. |
| 4. | Реконструкција на дел од по и таван во ПУ Милетково | 25,000.00 ден. |
| | **Вкупно:** | **94,756.00 ден.** |
| **ООУ „Ристо Шуклев“- Негорци** | | |
| 1. | Набавка на копир-принтер | 26,500.00 ден. |
| 2. | Набавка на телевизор | 10,300.00 ден. |
| 3. | Набавка на електрични уреди | 64,000.00 ден. |
| 4 | Замена на осветлување во холови во центарлно училиште | 13,000.00 ден. |
| | **Вкупно:** | **113,800.00 ден.** |
| | **ООМУ „Васо Карајанов“- Гевгелија** | |
| 1. | Молеро-фарбарски работи | 30,000.00 ден. |
| 2. | Реконстртукција на училница (во тек) | 60,000.00 ден. |
| | **Вкупно:** | **90,000.00 ден.** |
| | **СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија** | |
| 1. | Опремување на кабинет за здравствена струка | 435,780 **ден.** |
| 2. | Набавка на црно-бел фотокопир и принтер (колор скенер) | 176,000 **ден.** |
| 3. | Набавка на три телевизори | 88,500 **ден.** |
| 4. | Набавка на опрема во кабинети во електротехничка струка | 88,300 **ден.** |
| 5. | Доопремување на кабинет по послужување | 1,600,000 **ден.** |
| 6. | Доопремување на кабинет по готварство | 150,000 **ден.** |
| 7. | Набавка на канцелариски мебел за канцеларија и архива | 55,000 **ден.** |
| 8. | Реконструкција на електрична инстал.во угостителска сала | 38,000 **ден.** |
| 9. | Обнова на 4 вентилатори за греење во спортската сала | 60,000 **ден.** |
| | **Вкупно:** | **2,691,580 ден.** |

За подобрување на образовниот процес, посебно во СОУ„Јосиф Јосифовски“, е реализацијата на два значајни проекти, кои придонесуваат за поттикнување на стручното образование. По целосната реконструкција, во СОУ„Јосиф Јосифовски“ извршено е опремување и ставен е во функција новиот Угостителски центар со угостителската сала, кујна и кабинети. За таа цел, беа набавени опрема и инвентар, во вредност од 2.161.739 денари. Новиот угостителски објект во СОУ„Јосиф Јосифовски“ располага со два кабинети - еден по готварство, кујна и кабинет по послужување, односно модерна угостителската сала со капацитет за опслужување на 150 луѓе. Со овој зафат се обезбедени најсовремени услови за стекнување знаења и вештини и изведување практична настава за учениците од угостителско-туристичката струка, но и простор за одржување на сите училишни и вонучилишни активности, како и одбележување на настани и прослави.

СОУ „Јосиф Јосифовски“ за реализација на Проектот „Иновативен тренинг центар доби 507.000 евра грант од Регионалниот фонд за предизвици (РЦФ). Со проектот е предвидена надградба на нови простории, адаптација на дел од постоечките простории, со вкупна површина од 200 м², набавка на нова опрема соодветна на технолошкиот развој и обука во 10 компании, за подобра пракса и вработување на учениците, кои следат настава во средно стручно образование.

## СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Општина Гевгелија, во изминатава година, посебно внимание посвети на социјалната заштита, согласно донесената Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита. За помош и заштита на социјално-ранливите категории на граѓани беа издвоени 3.987.376 денари. Притоа, беа реализирани бројни мерки и активности, а некои од нив, за првпат, се спроведуваа во земјава. Во текот на 2023 година, во Општина Гевгелија било поднесено 161 барање за исплата на еднократна парична помош за новороденче. Согласно изготвените решенија за исплата на еднократна парична помош за новороденче, во текот на 2023 година, се родило 161 дете, од кои 80 машки и 81 женско. За прво дете, извршени се 82 исплати на еднократна парична помош во висина од по 6.000 денари, за второ 62 во висина од по 6.000 денари, за трето 14 исплати во висина од по 12.000 денари, како и по три исплати за четврто дете, во висина од по 12.000 денари. За новороденче, исплатена е вкупна сума од 1.068.000 денари.

| ***Активност 1*** | ***Барања*** | ***Вк.родени деца*** | | ***Прво дете*** | | ***Второ дете*** | | ***Трето дете*** | | ***Четврто дете*** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Еднократна парична помош за новороденче*** | *160* | *161* | | *82* | | *62* | | *14* | | *3* | |
| | | ***м*** | ***ж*** | ***м*** | ***ж*** | ***м*** | ***ж*** | ***м*** | ***ж*** | ***м*** | ***ж*** |
| | | *80* | *81* | *44* | *38* | *28* | *34* | *7* | *7* | *1* | *2* |
| **Вкупно исплатени *средства* (ден.)** | | ***1.068.000*** | | ***492.000*** | | ***372.000*** | | ***168.000*** | | ***36.000*** | |

Во текот на 2023 година, до Општина Гевгелија пристигнале 172 барања за еднократна парична помош. Врз основа на поднесената документација (медицинска или потврда од надлежна институција за социјалната положба на барателот), на 161 лице, жители на општина Гевгелија, од кои 81 маж и 80 жени, им е исплатена еднократна парична помош во висина од вкупно 1.132.000 денари. Најголем број од доставените барања се однесуваат за еднократна парична помош за лекување.

| ***Активност 2*** | ***Корисници*** | ***М*** | ***Ж*** | ***вкупно исплатени средства*** |
|---|---|---|---|---|
| ***Еднократна парична помош на жители на општина Гевгелија*** | *172 / 161* | *86/ 81* | *86/ 80* | ***1.132.000 ден.*** |

| ***Корисници на еднократна парична помош по категории*** | ***вкупно*** | ***М*** | ***Ж*** |
|---|---|---|---|
| *Невработени* | *18* | *11* | *7* |
| *Корисници на право на гарантирана минимална помош* | *25* | *10* | *15* |
| *Корисници на право на социјална пензија* | *2* | *2* | *0* |
| *Родители на лица со посебни потреби* | *5* | *1* | *4* |
| *Корисници на право на помош и нега од друго лице* | *2* | *2* | *0* |
| *Здравствена причина* | *98* | *47* | *51* |
| *Материјално-необезбедени граѓани (пожар, ресоцијализација, граѓани кои не остваруваат право на пензија и сл.)* | *11* | *8* | *3* |

Пред новогодишните празници, Општина Гевгелија традиционално за децата до 14-годишна возраст, чии родители се корисници на минимална гарантирана помош, обезбедува новогодишни пакетчиња. Минатата година, согласно доставениот список од ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа, беа поделени новогодишни пакетчиња на 51 дете од социјално-ранливи категории семејства. Покрај обезбедувањето новогодишни пакетчиња за дечињата чии родители се корисници на ГМП, Општина Гевгелија обезбедува новогодишни пакетчиња и за лицата со посебни потреби во Дневниот центар за лица со посебни потреби- Гевгелија. Притоа, новогодишни пакетчиња во Дневниот центар добија 18 лица. Додека, за лицата со посебни потреби во Центарот „Мајка Тереза“- Гевгелија, Општина Гевгелија обезбеди сет прибор и материјали за спроведување на окупационите активности.

| *Активност 3* | *Корисници* | *М* | *Ж* | *издвоени средства* |
|---|---|---|---|---|
| ***Обезбедување новогодишни пакетчиња за деца чии родители се корисници на ГМП и лица со попреченост*** | *69* | *42* | *27* | ***20.700 ден.*** |

Општина Гевгелија во 2023 година субвенционираше 24 лица, корисници на гарантирана минимална помош и социјална пензија, кои ја плаќаат сметката за вода што не надминува повеќе од 20 метри кубни месечно и тоа на 11 жени и 13 мажи, врз основа на доставено барање од ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија за платената фактура.

| *Активност 4* | *вк. корисници* | *м* | *ж* | *исплатени средства* |
|---|---|---|---|---|
| ***Субвенционирање на потрошувачката на вода за пиење на корисници на ГМП/ социјална пензија*** | *24* | *13* | *11* | ***123.185 ден.*** |

Општина Гевгелија го обезбедува превозот на лица со посебни потреби кои го посетуваат Дневниот центар за лица со посебни потреби- Гевгелија. За таа цел, од општинскиот буџет беа издвоени 630.000 денари, а превозот се организираше по претходно спроведена тендерска постапка. Вкупната бројка на корисници на оваа мерка беа 18 деца, штитетници на Дневниот центар за лица со посебни потреби во Гевгелија, од кои 15 машки и 3 женски.

| *Активност 5* | *Корисници* | *М* | *Ж* | *издвоени средства* |
|---|---|---|---|---|
| ***Обезбедување превоз на лица со посебни потреби кои го посетуваат Дневниот центар за лица со посебни потреби- Гевгелија*** | *18* | *15* | *3* | ***350.301 ден.*** |

Во ЈУ Работнички универзитет „Кирил и Методија“- Гевгелија и во 2023 година продолжи бесплатната услуга за деца за превентивни активности, едукација и третирање проблеми во вербалната комуникација за што се ангажираа два логопеди кои спроведуваа групна, индивидуална и окупациска терапија за отстранување на говорните оштетувања кај децата. Мерката ја користеле 23 дечиња, од кои 14 момчиња, а 9 девојчиња.

| ***Активност 6*** | ***Корисници*** | ***М*** | ***Ж*** | ***исплатени средства*** |
|---|---|---|---|---|
| ***Превентивни активности, едукација и третирање проблеми во вербалната комуникација на деца*** | *23* | *14* | *9* | ***304.000 ден.*** |

Општина Гевгелија набави 3 електромоторни помагала за лица со телесен инвалидитет, членови на Здружението за лица со телесен инвалидитет „Мобилност“- Гевгелија. За таа цел, Општина Гевгелија распиша тендерска набавка, а по нејзината реализација, трите автоматизирани помагала, односно една електромоторна количка со контролна табла (џоистик), електромоторен скутер и електромоторен приклучок, беа предадени трајно во употреба на корисниците во просториите на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа- Гевгелија.

| ***Активност 8*** | ***Корисници*** | ***М*** | ***Ж*** | ***издвоени средства*** |
|---|---|---|---|---|
| ***Набавка на 3 автоматизирани инвалидски колички за лица со попреченост*** | *3* | *0* | *3* | ***418.000 ден.*** |

Во 2023 година, на подрачјето на Општина Гевгелија е воспоставена услугата лична асистенција на лица со попреченост, чиј давател на услугата е ОО Црвен крст- Гевгелија. За таа цел, Општина Гевгелија врз основа на меѓуопштинска соработка со Општина Богданци, аплицираше на Јавниот повик објавен од Министерството за труд и социјална политика за подобрување на социјалните услуги и доби грант во висина од 7.131.336 денари. Додека, Општина Гевгелија учествува со 102.060 денари коишто беа наменети за патни трошоци за обука на пријавените асистенти и 3.130 денари за солемнизација. Ангажирани се 8 асистента за 13 корисника во Гевгелија и 3 асистента за 6 корисника во Богданци. Услугата се дава до крајот на јуни 2024 година.

| **Активност 9** | **Лични асистенти** | **М** | **Ж** | **Издвоени средства** |
|---|---|---|---|---|
| **Лична асистенција на лица со попреченост** | 8 | 1 | 7 | |
| | **број корисници** | **М** | **Ж** | |
| | 13 | 6 | 7 | **105.190** |

Општина Гевгелија во 2023 година ги субвенционираше режиските трошоци (електрична енергија, вода, интернет)на Заедницата на инвалидските организации во општина Гевгелија врз основа на месечните фактури доставени до Општина Гевгелија.

| ***Активност 10*** | ***Вкупен. број*** | ***М*** | ***Ж*** | ***издвоени средства*** |
|---|---|---|---|---|
| **Субвенционирање на режиските трошоци (електрична енергија, вода, интернет) на Заедницата на инвалидските организации во општина Гевгелија** | *233* | 112 | 121 | ***12 мес. x 5.000 ден.60.000 ден.*** |

Учениците од социјално-ранливите категории во основните училишта на подрачјето на општина Гевгелија од 1 ноември 2023 година користат бесплатен оброк.50 ученика, чии родители се корисници на социјални услуги, по список добиен од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа- Гевгелија добиваат бесплатен оброк.

| ***Активност 11*** | ***вкупно*** | ***М*** | ***Ж*** | ***издвоени средства*** |
|---|---|---|---|---|
| **Обезбедување на бесплатна храна во училиштата** | *50* | *24* | *26* | 100.000 д. |

За подобрување на условите во предучилишното образование, со потпишувањето на договорот меѓу Општина Гевгелија и Министерството за труд и социјална политика, започна реализацијата на Проектот за доградба на детската градинка „Сончогледи“ во Гевгелија. Со доградбата ќе бидат обезбедени 8 нови занимални и простор за згрижување на уште 135 деца, во вредност од 49.024.779 денари. За градежно-занаетчиските работи, Министерството за труд и социјална политика треба да обезбеди 40.528.770 денари, а Општина Гевгелија за приклучоци за електрична енергија, водовод, канализација и греење, како и партерно уредувањеи опремување на објектот, обезбеди 8.496.009 денари.

## КУЛТУРА

Културниот живот минатата година во општина Гевгелија го одбележаа бројни културни манифестации. Со масовно учество на голем број учесници од општината, земјата и странство, и што е најважно, на големо задоволство на публиката. За тоа најзаслужни се локалните институции од областа на културата и образовните институции. Пред сè, ЈОУ Дом на култура „Македонија“, ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“, ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“ и ООМУ „Васо Карајанов“, коишто беа главните носители на културните збиднувања. Посебен поттик за богатиот културен живот даде финансиската поддршка на Општина Гевгелија преку Програмата за поддршка на културните настани и манифестации на 36 физички и правни лица за реализација на програми и проекти од областа на културата, за што беа обезбедени 5.050.000 денари.

Во текот на 2023 година не изостанаа традиционалните културни манифестации „Спасовден“, „Распеана чаршија“, „Гевгелиско културно лето“, „Метрички карван“, „Месец на книгата“,„Априлијада“,„Фолклорен ѓердан“ и „Дедо Мраз пак кај нас“. Културните институции реализираа и повеќе активности и проекти во сопствена продукција или во соработка со други правни и физички лица, пред се, ликовни изложби, поетски и книжевни вечери, филмски проекции, театарски претстави, концерти, музички настани или пак програми за одбележувајње на значјни датуми и празници.

Публиката уживаше во богатата понуда на театарски претстави и филмски проекции. Гевгеличани имаа можност да ги проследат претставите од репертоарите на професионалните театри ширум државата и најновите филмови на македонската сцена. Исто така, согласно потребите на најмладите, беа организирани бројни детски претстави во сопствена продукција, како и гостувањата на театрите и здруженијата од земјата. Така, за одбележување се детските претстави од сопствена продукција на Драмска секција при ЈОУ Дом на култура „Македонија“ во Гевгелија, во којашто членуваат голем број дечиња од Гевгелија, на возраст од 6 до 14 години. Но, и концертите на формираните Секции за гитара и тапан при ЈОУ Дом на култура „Македонија“, во коишто членуваат голем број млади вљубеници за изучување на музички инструменти.

Посебен белег на минатогодишните културни настани им даде тридневниот Фестивал на храна и вино „Вкуси го југот“. Со овој фестивал се поттикнати културниот, но и туристичкиот развој на поднебјето, а истовремено промовирани локалната храна и вино. На Фестивалот настапија голем број уметници и артисти од општина Гевгелија и земјата, на задоволство на бројната публика. Значајно е што Фестивалот „Вкуси го југот“ ги оправда очекувањата, со цел да прерасне во традиција.

По неколкугодишна пауза, Меѓународниот детски музички фестивал „Калинка“ повторно им се врати на гевгеличани, со целиот сјај, потврдувајќи дека е вистински гевгелиски бренд. „Калинка“ се претстави пред пошироката јавност во Гевгелија, промовирајќи 23 новокомпонирани песни со различни детски мотиви на современ мултимедијален начин. Стотина дечиња, солисти, хористи и танцови групи, пееја и играа

на големата сцена на Народниот театар, славејќи го детството, кое кулминираше со фестивалското дефиле на Градскиот плоштад.

Исто така, за развојот на културата во општина Гевгелија придонесоа и граѓанските организации, регистрирани за дејност култура, како и поединци, кои презентираа проекти, настани и активности од различни видови уметност. Станува збор за традиционалните манифестации - „Бош Фестивал“, во организација на Здружението „Арт Еквилибриум“, а во чест на прерано починатиот актер Бошко Бозаџиев од Гевгелија, поетско-музичката манифестација „За тебе љубов моја“, во организација на ЗГ „Од станица до граница“, Меѓународниот натпревар во пијано во организација на Глигор Гелебешев, како и одбележувањето на јубилеите и патронатите на гевгелиските образовни институции. Голем беше придонесот и на амбасадорите на фолкорот и традицијата, Ансамбл „Бојмија“, КУД „Танец“- Миравци, КУД „Негорци“- Негорци и КУД „Браќа Толеви“- Прдејци, како со своите концерти на домашната сцена, така и со гостувања во странство.

Подобрувањето на инфраструктурата во културата продолжи со реконструкција на Домот на културата во Моин. Покрај градежните работи, со реконструкцијата беа предвидени нови електрични инсталации и уредени санитарните јазли. Вкупната вредност за реконструкција на Домот на културата во Моин, изнесува 13.551.139 денари, од кои 2.138.378 денари се обезбедени од Буџетот на Општина Гевгелија за 2023 година. Со реконструкција на ваквите објекти, овозможуваме заживување на културните вредности и традиции.

## СПОРТ

Општина Гевгелија, во 2023 година, направи значаен исчекорво спортот, како во поглед на одржаните домашни и меѓународни спортски настани, така и во спроведената акција за ревитализација и целосна обнова на спортските терени во Гевгелија и во населените места. Гевгелија се афирмира како успешен домаќин на меѓународни кошаркарски натпревари, зазеде значајно место на атлетската мапа во регионот, а ги врати велосипедистите во огромен број на гевгелиските улици. Финансиската поддршка од Општина Гевгелија, преку Програмата за поддршка на спортските активности и настани, беше значаен поттик за ваквата спортска афирмација на општина Гевгелија. За таа цел, беа издвоени 21 милион денари за реализација на спортските активности и настани на 36 физички и правни лица.

Минатата година, Гевгелија беше центар на масовниот спорт со учество на илјадници спортисти од целата земја и странство. Пред сѐ, како резултат на поддршка од Општина Гевгелија, преку спортските здруженија од подрачјето на општината. Голем придонес за развојот на масовниот спорт имаше третата по ред Атлетска седмоноемвриска трка November run, во организација на Атлетскиот клуб „7 Ноември“- Гевгелија. Од година во година, трката ја надминува бројката на учесници од државата и од другите странски земји, а со своето реноме придонесе Гевгелија да се афирмира надалеку. Посебно значајно на минатогодишната трка November run е нејзиното проширување: освен трките на 5 и 10 км. во машка и женска категорија, за првпат беше организирана и инклузивна трка во којашто учествуваа лицата со попреченост и детските трки во различни категории.

За Гевгелија да биде град на масовниот спорт, придонесоа и спортското дефиле „Гевгелија на точак“ во организација на Здруженијата на граѓани „Чејнџмејкерс“ и „Гевгелија Точак Клуб“, коешто се организираше по повод општинскиот празник 7 Ноември, со голем број точкаџии коишто учествува во дефилето. „Гевгелискиот велотлон“ во организација на АМД „Дичо Панов“- Гевгелија и „Гевгелија Точак Клуб“, исто така, ја

впишаа Гевгелија како центар на масовниот спорт со голем број учесници кои се натпреваруваа во возење велосипед, совладување препреки и трчање по ридска патека.
Не изостанаа и традиционалните и нововостановените турнири: успешно беше оддржан Првиот меморијален турнир во мал фудбал „Никола Гелебешев“, организиран од страна на ЗГ Навивачка група „Фантоми Север“- Гевгелија. ЗГ „КМФ Млади Миравци“ и ЗГ „Ангелов“- Богородица успешно ги организираа традиционалните Турнирот „КМФ Млади Миравци“ и Меморијалниот турнир „Мирче Костов“, со учество на голем број екипи од Гевгелија и регионот. Во областа на кошарката, се одржаа повеќе настани и натпревари, како Меморијалниот турнир во баскет „Иван Пенов“ и Меморијалниот турнир во кошарка „Боби Петков“, на којшто учествуваа младински селекции до 18 години од државата и од странство.

Шахот повторно се врати на гевгелиската спортска сцена, како резултат на Шаховскиот клуб „7 Ноември“- Гевгелија и организираните брзопотезни турнири, Здружението на слепи лица со Меѓународниот турнир во шах за слепи лица и Меморијалниот шаховски турнир „Венци Попов“. Белег во развојот на спортот, исто така, оставија Турнирот во тенис „Крупа Опен“ во организација на Тениски клуб „Круна“- Гевгелија, настапите на домашната и интернационалната сцена на Танцовиот клуб „Мистик денс“- Гевгелија, двете планинарски друштва „Кожуф“ и „Двете уши“ со голем број планинарски маршеви и искачувања, Карате клубот и училишните спортски клубови.

За прв пат во 2023 година, на подрачјето на општина Гевгелија, беше одржано и првото издание на Атлетската крос-кантри трка Punk’s Backyard Ultra, којашто се одржа на локацијата Негорски Бањи. Трката, на којашто учествуваа над 60 тркачи од повеќе земји, беше во организација на Асоцијација за промоција и управување со проекти и настани во планиско трчање и други планински спортови „ТРЕКС“ од Скопје, а во соработка со Општина Гевгелија, Атлетскиот клуб „7 Ноември“- Гевгелија, АМД „Дичо Панов“- Гевгелија и други помагатели.

Општина Гевгелија беше присутна и на натпреварувачките домашни лиги во фудбал, кошарка и ракомет преку настапите на Кошарскарскиот клуб „Кожув“- Гевгелија, како и новоформираниот кошаркарски клуб „Гевгелија“, Фудбалскиот клуб „Кожуф“, Женскиот ракометен клуб „Гевгелија“- Гевгелија и Машкиот ракометен клуб „Партизан 2016“- Гевгелија.

Покрај ова, реализирани се повеќе зафати за изградба и обнова на спортските терени во Гевгелија и во неколку населени места. Целосна ревитализација е извршена на мултифункционалното игралиште кај поранешната Касарна. Оштетените спортски реквизити се заменети, поставени се нови голови и мрежи, исфарбани металните обрачи и металните конструкции на кошевите, а се обновени и мрежите. Покрај овие зафати, санирана е и оштететната ограда и влезната врата на овој спортско-рекреативен центар.

Извршена е ревитализација на фудбалските игралишта во Миравци, Прдејци и Мрзенци. Покрај санацијата на терените, извршена е и замена на оштетената опрема, се со цел на граѓаните од овие населени места да им се обезбедат солидни услови за спорт и рекреација. Во рамките на акцијата на Општина Гевгелија за уредување на паркови за деца, во населените места Негорци, Прдејци и Богородица, се изградени нови детски игралишта, преку Проектот за поставување урбана опрема за детски игралишта.

## МЛАДИ

Со формирањето и ставање во функција на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, иницирани се повеќе активности за решавање на прашањата од посебно значење за младите во општината. Локалниот младински совет доби просторија каде што непречно може да ја извршува својата работа, којашто покрај трите одржани седници, беше насочена и кон бројни други активности. ЛМС учествуваше во расправата за Националната стратегија за млади, а беше организирана и средба со лицата со попречености, на која што беа нотирани проблемите со коишто се соочуваат лицата со попреченост во општина Гевгелија со инклузивноста во општеството.

Општина Гевгелија успешно го организираше првиот настан за детектирање еко-проблеми во општина Гевгелија, во рамки на Проектот на АМС за поддршка на младинското учество во животната средина и климатските промени на локално ниво. Од страна на младите беше истакнато дека најголемиот проблем е свесноста кај граѓаните за загадување на животната средина преку несовесното депонирање наотпадот на одредени локации во општината, недостатокот од зелени површини и нивно мапирање и одржување на одводните канали во населените места. Од страна на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија имладите членови во младинските организации Проектот за поставување паметни смарт-клупи на подрачјето на општина Гевгелијабеше избран како приоритетен за реализација од страна на локалната самоуправа.

Младите беа вклучени и на Работилницата за изработка на Интегрален локален развоен план на Општина Гевгелија, со важност 2024-2027 година, спроведена во рамки на Програмата „Зајакнување на општинските совети“, финансирана од Швајцарската влада и Министерство за локална самоуправа, а кофинансирана и спроведена од UNDP MK, во соработка со национални и локални партнери. На работилницата, учесниците правеа SWOT анализа, односно индентификуваа предности, слабости, можности и ризици во повеќе области за коишто е надлежна локалната самоуправа и дефинираа визија, мисија и стратешки цели коишто ќе бидат опфатени во овој стратешки документ. Интегралниот локален развоен план на Општина Гевгелија заедно со потенцијалните проекти врз основа на буџетските развојни потпрограми за 2024 година, ги идентификува среднорочните потреби на граѓаните на општина Гевгелија.Оваа активност се

Исто така, ЛМС во рамки на ЕРАЗМУС деновите организираше Инфо-ден со млади „ЕРАЗМУС ден Гевгелија: Пасош до можности“. Покрај ова ЛМС го организираше културно-уметнички Фестивал „Младински бран“, а беше потписник и на Меморандум за меѓусебна соработка со Локалниот младински совет на Општина Велес, со што е направен првиот чекор во младинското вмрежување, унапредувајќи го своето делување во областа на младите. Во текот на минатата година, од страна на ЛМС беа организирани Младинска работилница за ментално здравје и Новогодишен базар, а беше одбележана и Европската недела на спортот во Гевгелија со бесплатен час по јога.

Во текот на минатата година, продолжија успешно да работат курсевите за деца и млади, а покрај Драмската, Ликовната и Литературната секција, како и групните часови за гитара, беше отворена и Школа за тапани. За подобрување на условите на младите и во населените места, беше целосно реконструиран и опремен Младинскиот дом „Мите Танов- Коми“ во Богородица. За реализација на проектот, чија вкупна вредност изнесува 10.224.234 денари, Општина Гевгелија од Општинскиотбуџет издвои 40% од средствата. Овој објект има големо значење за граѓаните на Богородица, бидејќи во минатото претставувало место за собирање на сите генерации.

## ТППЕ

Противпожарната заштита во општина Гевгелија во 2023 година редовно и континуирано се одвиваше, како во поглед на навременото и ефикасно интервенирање во локализирањето на пожари, така и во превентивното дејствување и едукација. За тоа, секако, придонесоа активностите и ангажирањето на професионалната ТППЕ-Гевгелија насочени кон три основни задачи: превентивно и навремено локализирање на пожарите, континуирана обука на пожарникарите и едукација на населението, како и опремување на противпожарната единица. На сите овие три пункта во текот на минатата година беа забележани успешни резултати.

Во 2023 година на подрачјето на општините Гевгелија, Богданци и Дојран, коешто го опслужува ТППЕ- Гевгелија се случиле 171 пожар, кои биле локализирани. Од нив, 108 пожари се случиле на отворен простор, при што била опожарена површина од 1.152,52 хектари, 47 пожари биле на објекти, а 5 пожари се случиле на сообраќајни средства,11 пожари биле на останато. Причината за 28 пожари била невнимание, додека кај 115 пожари причината е човечкиот фактор,1 природно и неутврдени 27 пожари. Најмногу од пожарите, се случиле во месеците јуни, јули, август и септември што, секако, се должи на периодот на сезоната на пожари и топло лето. Споредбено со 2022 година, минатата година се случиле 42 пожари помалку.

| Пожари | Број на пожари | | | Матријална штета | | | Повредени загинати лица | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 | 1 | 2 | 3 |
| **Објекти** | | 47 | 47 | / | / | / | / | 1по | / |
| **Отворено** | | 108 | 108 | / | / | / | / | / | / |
| **Сообраќајни средства** | | 5 | 5 | / | / | / | / | / | / |
| **Друго** | | 11 | 11 | / | / | / | / | / | / |
| ***Вкупно*** | | 171 | 171 | / | / | / | / | 1 | / |

Инаку, најголем број на пожари лани се случиле во објекти и на отворено во приватна сопственост (85), а помалку во објекти во државна сопственост. Покрај интервенциите за локализирање на пожарите, ТППЕ- Гевгелија вршела и други технички интервенции, што несомнено укажува на оспособеноста и нејзината техничка опременост. Од техничките интервенции има 8 повредени лица и 3 погинати.

| Вид на технички интервенции | број | Учесници | | |
|---|---|---|---|---|
| | | П-возила | Поажарни кари | Други |
| Сообраќајни несреќи | 2 | 2 | 7 | 8 |
| Испумпување вода од полавени простории | / | / | / | / |
| Спасување на луѓе од височини/длабочини | 2 | 2 | 6 | / |
| Отворање заклучени простории | 4 | 4 | 12 | 1 |
| Санација на состојби по несреќи | 6 | 7 | 15 | / |
| Инциденти со опасни материии | 1 | 1 | 2 | / |
| Осветлување на терени | / | / | / | / |
| Друго | 6 | 7 | 13 | 2 |
| **ВКУПНО** | **21** | **23** | **55** | **11** |

За ефикасната противпожарна заштита посебно значајно е стручното усовршување и оспособување на работниците во оваа единица. Значајно влијание на мобилноста и ефикасноста на ТППЕ- Гевгелија се воведените редовни обуки на пожарникарите кои континуирано се одвиваа во текот на минатата година.

| Наставна единица | Планирани часови | Реализирани часови |
|---|---|---|
| ПП Тактика | 30 | 30 |
| ПП Справа и опрема | 23 | 23 |
| Прописи за заштита од пожари | 05 | 05 |
| ПП опасности и мерки на заштита | / | / |
| Практични вежби | 63 | 63 |
| Улици, хидр.мрежа, објекти | 04 | 04 |
| Прва помош | 04 | 04 |
| Кондициони вежби | / | / |

За успешноста и ефикасноста на ТППЕ-Гевгелија, од посебно значење секако е опременоста на пожарникарите и обновувањето на опремата. Во текот на 2023 година. продолжи континуираното опремување на противпожарната единица. ТППЕ- Гевгелија доби ново противпожарно возило за справување со шумски пожари, марка „Форд“, во вредност од 105.000 евра, преку Проектот што го реализираше Советот на ЈИПР со финансиска поддршка од ИПА-ППС со Грција.

Преку истиот проект, ТППЕ- Гевгелија доби дрон за лоцирање и следење на шумските пожари. Покрај тоа набавена е и друга опрема за обнова на постојниот парк на противпожарни возила и апарати.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Општина Гевгелија е прогласена за најтранспарентна локална самоуправа во земјата, заедно со Општина Велес, според последното истражување на Центарот за граѓански комуникации. Од вкупно 98 институции во Република Македонија, според Индексот на активна транспарентност, Општина Гевгелија го зазеде водечкото место меѓу општините, додека на ранг-листата на сите институции во земјата, Општина Гевгелија го дели третото место со Општина Велес. Најдобрите две општини, Гевгелија и Велес, имаат активна транспарентност од 99% поради што се вбројуваат меѓу првите три најтранспарентни институции во земјата.

За ова, секако, придонесува целосната отвореност и трансперентност на Општината, како и достапноста до граѓаните на сите информации кои им се потребни. На располагање имаат бројни алатки, почнувајќи од веб-страната на Општина Гевгелија, Електронскиот дневен билтен и Општински магазин „Гевгелиска јавност“. Во текот на 2023 година, до Општина Гевгелија пристигнале 39 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, од кои 38 биле позитивно одговорени.

Една од електронските алатки за транспарентност во општина Гевгелија е Систем 48, која им овозможува на граѓаните телефонски или по електронски пат да ги пријават проблемите, чие решавање е во надлежност на Општината. Минатата година, преку Систем 48 до Општина Гевгелија пристигнале вкупно 233 барања од граѓани на општина Гевгелија, од кои 179 се решени, 29 се одложени, а 25 не се започнати. Најголемиот број на барања се однесуваат за интеревенции во уличното осветлување 134, од кои 127 се решени. Од вкупно поднесените барања, 64 се од делокругот на работењето на ЈПКД „Комуналец“, а од нив 38 се решени, додека 19 барања се однесувале за надзор од општинските инспектори, од кои 13 биле решени. Од пријавените 17 барања за интервенции во комунални работи и локални патишта решено е само едно.

# СИСТЕМ 48

## - Резултати од 01.01.2023 – 31.12.2023 -

| | незапочнати | одложени | затворени | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Јавно осветлување** | | 7 | 127 | 134 |
| **Комунални работи и локални патишта** | 0 | 7 | 10 | 17 |
| **Инспекциски надзор** | 5 | 1 | 13 | 19 |
| **ЈКПД Комуналец** | 6 | 20 | 38 | 64 |
| **Вкупно** | **25** | **29** | **179** | **233** |

**ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА - 233**



**ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА**
**ОДДЕЛЕНИЈА**

| | незапочнати | одложени | затворени | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Одделение за комунални работи и локални патишта** | **14** | **2** | **1** | **17** |

***ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ***




***ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ***

| | незапочнати | одложени | затворени | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Одделение за инспекциски надзор** | **5** | **1** | **13** | **19** |



| | незапочнати | одложени | затворени | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Јавно осветлување** | | **7** | **127** | **134** |




| ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | незапочнати | одложени | затворени | вкупно |
| **ЈКПД Комуналец** | **6** | **20** | **38** | **64** |

***ГРАФЧКИ ПРИКАЗ***



## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Општина Гевгелија, изминатиов период, оствари успешна меѓународна соработка, во рамките на редовните средби и размена на искуства со дипломатските претставници на повеќе европски земји. Но, и преку зголемена комуникација и соработка со меѓународните фондации и институции околу реализацијата на повеќе проекти. Продолжија и заедничките средби со збратимените општини, и тоа, не само преку размена на посети туку и зголемена културна размена и заеднички проекти.

Градоначалникот на општината беше домаќин и оствари средби со француският амбасадор во нашата земја, Н.Е. Сирил Бомгартнер,со амбасадорката на Швајцарија,Н.Е. Вероник Улман, со амбасадорот на Република Чешка, Н.Е. Јарослав Лудла, со грчката амбасадорка, Н.Е. Софија Филипиду, романската амбасадорка, и Н.Е. Адела Моника Акцинте и амбасадорот на Јапонија во нашата земја, Н.Е. Казија Отсука.

Градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов, престојуваше во Харз, регион во Германија на покана од тим-лидерот за техничка поддршка на „ЕУ за општините“, Клаус Рихтер, по заедничката средба во Општина Гевгелија. Студиската посета е финансирана од EU for Municipalities, којашто има за цел да се пренесат позитивните искуства на општините и организациите во Германија и во општините од нашата земја во областа на: меѓуопштинската соработка, заштита на природата наспроти економската искористеност и улогата и влијанието на претприемачите од приватниот сектор. Исто така, градоначалникот на општина Гевгелија во текот на студиската посета имаше можност посебно да се запознае и размени искуства за туризмот како посебен фактор за приходи и вработување, посебно за здравствениот и бањски туризам.

Општина Гевгелија ја продолжува соработката со збратимените општини, со посебна заложба за проширување и унапредување на соработката. На тој начин се создаваат можности за размена на искуства, но и креирање на заеднички проекти и настап пред европските програми. Ова беше нагласено на гевгелиската средба, по повод Општинскиот празник - 7 Ноември, од страна на челниците на збратимените општини Јабланица, БиХ, Инџија, Република Србија, Севлиево, Република Бугарија, како и од пријателските општини Разлог, Република Бугарија, Гвозд, Република Хрватска.

## РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ

Една од приоритетните активности изминатава година беше изработката на проекти за успешно аплицирање пред домашните и меѓународните агенции, фондации и програми. Имено, Општина Гевгелија остварува редовна и успешна соработка со програмите на ЕУ, УНДП, УСАИД, како и другите меѓународни институции, за што несомнено зборува и дадената поддршка преку веќе одобрените проекти.

Во текот на 2023 година беа реализирани или започнати за реализација 19 проекти, во вкупна вредност од 200.454.712 денари. За веќе реализираните или проекти кои се во фаза на реализација од страна на донаторите се обезбедени 83.845.456 денари, додека од страна на Општина Гевгелија се обезбедени 29.920.992 денари сопствени средства. Станува збор за проекти од разни области, кои значително ќе придонесат за подобрување на квалитетот на услугите, но и за развојот на Општина Гевгелија воопшто.

## ПРОЕКТИ РЕАЛИЗИРАНИ ВО 2023 ГОДИНА ФИНАНСИРАНИ ОД ФОНДОВИ И ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

| | Институција | Име на проект | Вк. буџет (денари) | Сопствено учест./ден | Грант (денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Министерство за труд и социјална политика | **Развој на социјални услуги на локално ниво** (воведувањето на услугата лична асистенција на лица со попреченост во Гевгелија и Богданци) | 7.538.848 | 138.956 Гевгелија<br>138.956 Богданци | 7.131.336 |
| 2 | Министерство за труд и социјална политика | **Истражување за унапредување на социјалниот дијалог- ОКР** | 742.500 | 148.500 | 594.000 |
| 3 | Министерство за труд и социјална политика | **Доизградба на детската градинка „Сончогледи“ воГевгелија** | 49.024.779 | 8.496.009 | 40.528.770 |
| 4 | Биро за регионлен развој | **Реконструкција на младински дом „Мите Танов-Коми“ воБогородица** | 10.224.234 | 4.089.693 | 6.134.540 |
| 5 | Биро за регионлен развој | **Поставување на урбана опрема - контејнери и канти за рециклирање на отпад во Гевгелија** | 4.000.000 | 1.200.000 | 2.800.000 |
| 6 | Биро за регионлен развој | **Поставување на урбана опрема за детски игралишта во Негорци, Прдејци и Богородица** | 3.436.810 | 1.718.705 | 1.718.105 |
| 7 | Биро за регионлен развој (ЈИПР) | **Реконструкција на Дом на култура во Моин** | 13.550.000 | 2.710.000 | 10.840.000 |
| 8 | Биро за регионлен развој (ЈИПР) | **Реконструкција на спортска сала „Партизан“ во Гевгелија** | 13.878.838 | 7.776.400 | Во тек е тендерска постапка |
| 9 | (Regional Challenge Fund) – Регионалниот фонд за предизвици | **Изградба на еколошки, енергетско оддржлив тренинг центар- HUB** | 31.079.100 | / | Тендерска постапка |
| 10 | Министерство за транспорт | **Водоводна линија во Касарна УБ 5.3. и УБ 5.6. во Гевгелија** | 2.809.845 | 1.593.043 | 1.216.802 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 11 | Министерство за животна средина и просторно планирање | **Изградба на фекална канализациона мрежа на дел од ул.7Ноември УБ1.** | 2.065.045 | 65.045 | 2.000.000. |
| 12 | Министерство за животна средина и просторно планирање | **Изградба на фекална канализациона мрежа на крак 1,2,5,6,7 во УБ 5.3-5.6.** | 3.556.899 | 556.899 | 3.000.000 |
| 13 | Министерство за животна средина и просторно планирање (преку ЕИБ) | **Изградба на фекална и атмосферска канализација, и на водоводна мрежа за дел од блок 4.4. Гевгелија** | 37.527.915 | / | Тендерска постапка |
| 14 | Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој | **Изградба на полски пат до месноста „Топлик“ во Гевгелија** | 851.439 | / | 851.439 |
| 15 | Швајцарска Амбасада | **Поставување на фотоволтаични панели за потребите на Пречистителната станица во Гевгелија** | 6.600.000 | / | 6.600.000 |
| 16 | ЦРЈИПР, СИДА и УНДП | **Изработка на Техничка документација за две локации за поставување на станици за полнење на електрични возила во општина Гевгелија** | 538.080 | 107.616 | 430.464 |
| 17 | УНДП | **Зајакнување на општинските совети Фаза 2** | 2.279.200–2.849.000 | 569.800 – 1,424,500 | Тендерска постапка |
| 18 | УНДП | **Релоад 2** | 3.684.380 (2022/24) | 750.326 (за2023г.) | |
| 19 | ФЛОРИТ - ИНТЕРЕГ ИПА ППС со Грција (финансирано од ЕУ) | **Иновации, развој и вработување во земјодел-скиот сектор“-„IDEAS“ Промовирање на претпри-емништвото за млади образовани кадри, за соз-давање нови агро-бизниси** | 6.497.000 | / | 6.497.000 |
| Вкупно | | | 200.454.712 | 29.920.992 | 83.845.456 |